# Октетот „Македонија“ ќе ја добие Златната бубамара за животно дело

15/02/2018 - 17:27 734 прегледи



Организаторите на Златната бубамара на популарноста одлучија оваа година Златната бубамара за животно дело да ја добие октетот „Македонија“.

Формиран во 1976 година, октетот „Македонија“ собра тогаш млади и талентирани музички професионалци, кои речиси 40 години одржуваат успешна музичка кариера.

Октетот отпеа некои од најубавите песни во македонската фолк и староградска традиција, но оствари завидна кариера и исполнувајќи госпел-музика, црнечки спиритуали и светски евергрини.
Вниманието го привлекоа со оригиналната и дотогаш некористена полифона (повеќегласна) изведба на народната и староградска македонска песна, која ја практикуваа и во другите

изведби.

Кога пееле на Скадарлија, низ Белград се зборело „Долазе Македонци“, а кога пееле на официјални дипломатски пригоди, странските гости мислеле дека слушаат снимка.